РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4912/6
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следнава

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-4912/1 од 16.10.2023 година, со наводи за незаконитости при постапувањето на обвинител при ОЈО --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што постапил надлежен државен орган.

Предметот со број 12-4912/1 од 16.10.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 16.10.2023 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости при постапувањето на обвинител при ОЈО ----------- и оформен е предмет број 12-4912/1 од 16.10.2023 година.

Во пријавата, насловена како барање за разрешување, се наведува дека истата е поднесена против јавен обвинител --------------------- од Основно јавно обвинителство -----------. Пријавата е поднесена во врска со убиство, а се наведува дека ------------------------------------- од ----------- во месец мај 2023 година во МВР ------- пријавила уцени и закани, но од страна на посочениот јавен обвинител не биле преземени мерки по доставените материјали од страна на МВР.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до Советот на јавните обвинители и Вишото јавно обвинителство -------.

Во однос на наводите за постапувањето на посочениот јавен обвинител во пријавениот случај е доставено известување од страна на ВЈО ----------. Во известувањето се наведува дека Вишиот јавен обвинител од -------- постапил согласно член 28 став 1 од Законот за јавното обвинителство, при што е побарано писмено известување за преземените дејствија од страна на ОЈО ------------ во врска со настаните кои претходеле на убиството на лицето посочено во пријавата, а извршен е увид во списите на предмети РО.бр.----------, КО.бр.-------- и КО.бр.------

на ОЈО -----------. При тоа, во известувањето е даден детален преглед на преземените дејствија од страна на ОЈО ----------- и посочениот јавен обвинител, во координација со МВР -------, а од увидот во горенаведените предмети Вишиот јавен обвинител констатирал дека јавниот обвинител преземал дејствија за заштита на убиеното лице и обезбедување на докази за пријавеното кривично дело од нејзина страна. Воедно, ВЈО --------- известува дека по пријава за истиот случај било и претходно постапувано од страна на ова обвинителство и било доставено известување до Јавното обвинителство на РСМ. Во доставениот одговор до ДКСК се констатира дека посочениот јавен обвинител постапувал согласно Законот за кривичната постапка и Кривичниот законик и совесно и одговорно ја извршувал својата јавнообвинителска функција.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапил надлежен државен орган, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**